АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

15-12 2022
10 4620 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. Вид надзор: Редовен;

2. Субјект на надзорот: Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип;

3. Период опфатен со надзорот: 2 декември 2022 година;

4. Датум на извршување на надзорот: 15 декември 2022 година;

5. Предмет на надзорот:
   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);
   - Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер).

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз радиопрограмскиот сервис на УНИВЕРЗИТЕТСКОТО РАДИО УГД ФМ од Штип, емитуван на 2 декември 2022 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: - полното име на давателот на аудио медиумската услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорното лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиопрограмскиот сервис на УНИВЕРЗИТЕТСКОТО РАДИО УГД ФМ од Штип, на 2 декември 2022 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*